АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

До:

- **д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 76-в став 1 од Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија" бр. 40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16 и 142/16) се доставува

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: | 06.12.2016 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 10 | 6249 | 1 | |

**ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА ИЗВРШЕН НАДЗОР (МОНИТОРИНГ)**

1. **Вид надзор**: Надзор над изборното медиумско претставување;

2. **Субјект на надзорот**: Трговско радиодифузно друштво ТВ ШЕЊА ДООЕЛ Скопје;

3. **Период опфатен со надзорот**: од 21 до 30 ноември 2016 година;

4. **Датум на извршување на надзорот**: 6 декември 2016 година;

5. **Предмет на надзорот**:

- **Член 75 став 1 и став 2 од Изборниот законик**
„(1) *Радиодифузерите, односно Јавниот радиодифузен сервис, трговските радиодифузни друштва и електронските медиуми (интернет порталите) што одлучиле да ги покриваат изборите, се должни тоа да го прават на правичен, на избалансиран и на непристрасен начин во својата вкупна програма.*
*(2) Радиодифузерите, без оглед на јазикот на кој го емитуваат својот програмски сервис, се должни за време на изборната кампања на учесниците во кампањата да им овозможат подеднакви услови за пристап до сите облици на изборно медиумско претставување - вести, посебни информативни програми (интервјуа, дебати, ТВ/радио соочувања, актуелно - информативни програми, актуелно - информативни програми со документаристички пристап и тематски специјализирани информативни програми), бесплатно политичко претставување и платено политичко рекламирање.*"
- **Член 75-а став 1 точка б и став 2 од Изборниот законик**
„(1) *Радиодифузерите ќе обезбедат избалансирано покривање на изборите во сите облици на изборно медиумско претставување на следниов начин:*
*б) за избор на пратеници во Собранието на Република Македонија, во согласност со принципот на пропорционалност според бројот на потврдени листи на кандидати за пратеници;*
*(2) При утврдувањето на избалансираноста во покривањето на изборите ќе се има предвид интензитетот на активностите во рамките на кампањите на учесниците во изборна кампања.*"
- **Член 75-б од Изборниот законик**
„*Известувањето за редовните активности на државните органи, органите на општините и на градот Скопје, на државните институции и организации, како и за активностите на правни и на други лица на кои со закон им е доверено вршење јавни овластувања, во програмите на радиодифузерите и на Програмскиот сервис наменет за емитување на активностите на Собранието на Република Македонија, во периодот од денот на распишување на изборите до*

*нивното завршување не смее да биде во функција на изборно медиумско претставување на ниту еден политички субјект.“*

## 6. Констатации од надзорот:

### Член 75 ставови 1 и 2; член 75-а став 1 точка б и став 2 од Изборниот законик

***Дневно-информативни емисии***

Овој, деветти по ред извештај, се однесува на периодот од 21 до 30 ноември, односно на првиот десетдневен период во кој се анализира изборното медиумско известување во дневно-информативните емисии во текот на изборната кампања. Примерокот, согласно Методологијата, е проширен на две дневно-информативни емисии од ударното време и опфаќа по десет изданија на Вестите во 18.55 часот, емитувани на албански јазик, и Вестите во 21.55 часот, емитувани на македонски јазик. Вкупното времетраење на анализираните прилози, поврзани со изборниот процес, емитувани во десетдневниот период е 5 часа 47 минути и 15 секунди. Најголем дел од тоа време (5 часа 23 минути и 20 секунди) се однесува на прилозите кои припаѓаат на претежно информативните жанрови, а 23 минути и 55 секунди се новинарски осврти.

***Табела 1: Застапеност на субјектите во претежно информативните жанрови***

| ТВ Шења | Траење | Процент | |
|---|---|---|---|
| **Активности на органите на власт** | | | |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија | 00:02:52 | 15,48 | % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:02:24 | 12,96 | % |
| Влада на РМ | 00:10:05 | 54,46 | % |
| Без субјекти | 00:03:10 | 17,10 | % |
| **Вкупно за тема:** | **00:18:31** | 100 | % |
| **Други теми поврзани со избори** | | | |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:09:53 | 6,25 | % |
| Граѓански сектор | 00:37:12 | 23,51 | % |
| Експерти/аналитичари | 00:31:28 | 19,89 | % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:13:34 | 8,57 | % |
| Беса | 00:15:31 | 9,81 | % |
| Други субјекти | 00:07:01 | 4,43 | % |
| Коалиција УНИТЕТИ, ДПА-ДР и НДП - Весел Мемеди | 00:10:05 | 6,37 | % |
| Без субјекти | 00:07:05 | 4,48 | % |
| Судство | 00:00:56 | 0,59 | % |
| Коалиција СДСМ и др. | 00:05:47 | 3,65 | % |
| ДПА - Демократска партија на Албанците | 00:03:29 | 2,20 | % |
| Коалиција ВМРО ДПМНЕ и др. | 00:03:41 | 2,33 | % |
| ДИК и други органи | 00:11:01 | 6,96 | % |
| Јавно обвинителство | 00:01:31 | 0,96 | % |
| **Вкупно за тема:** | **02:38:14** | 100 | % |

| Активности на учесници во изборна кампања и кандидати | | | |
|---|---|---|---|
| Беса | 00:43:17 | 29,53 | % |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:23:22 | 15,94 | % |
| Коалиција ВМРО ДПМНЕ и др. | 00:21:57 | 14,97 | % |
| Коалиција СДСМ и др. | 00:21:45 | 14,84 | % |
| ДПА - Демократска партија на Албанците | 00:20:30 | 13,99 | % |
| Коалиција УНИТЕТИ, ДПА-ДР и НДП - Весел Мемеди | 00:15:44 | 10,73 | % |
| **Вкупно за тема:** | **02:26:35** | 100 | % |

Со почетокот на изборната кампања, во сила влегува принципот за утврдување на балансот во известувањето за активностите на учесниците во изборната кампања – според бројот на потврдени листи со кандидати за пратеници, и имајќи го предвид интензитетот на кампањата. Во двете анализирани изданија на вестите, за известување од активностите во кампањите на коалициите и партиите се издвоени 2 часа 26 минути и 35 секунди (Табела 1). Од четирите политички субјекти кои имаат по седум листи со потврдени кандидати за пратеници, следени се активностите на две коалиции и една партија, а времето е распределено на следниов начин: за Демократската унија за интеграции – 23 минути и 22 секунди, за Коалицијата предводена од ВМРО ДПМНЕ – 21 минута и 57 секунди и за Коалицијата предводена од СДСМ – 21 минута и 45 секунди. За Коалицијата ВМРО за Македонија нема информации. Од трите политички субјекти коишто имаат по пет листи со потврдени кандидати за пратеници (ДПА, Левица и ЛП), следени се активностите на Демократската партија на Албанците – 20 минути и 30 секунди. Не се емитувани информации за Левица и Либерална партија. За активностите на двата политички субјекта кои имаат по четири листи со потврдени кандидати, одвоеното време изгледа вака: за Движењето Беса – 43 минути и 17 секунди (од кои 26 минути и 21 секунда се однесуваат на известувања од митинзи на партијата и средби со граѓаните, а 16 минути и 56 секунди се извештаи од прес-конференции и соопшенија на Беса, за изнесени нивни ставови по некое актуелно прашање или настан) и за Коалицијата „Алијанса за Албанците" (ДПА-ДР, Унитети, НДП) – 15 минути и 44 секунди. Не се емитувани информации за активностите на Коалицијата за промени и правда (со шест потврдени листи) и за ПДП (со една листа).

Во повеќе наврати, при известувањето за кампањите (митинзи, средби со граѓани) на политичките субјекти кои се дел од албанскиот политички блок, за чии активности телевизијата известуваше во вестите (Движењето Беса, Коалицијата „Алијанса за Албанците", ДПА и ДУИ), медиумот емитуваше снимки од настаните, технички со послаб квалитет, најверојатно направени со мобилен телефон. Снимките беа емитувани на средишниот дел од екранот, со полош квалитет отколку стандардните направени со камера. Почесто вакви снимки беа емитувани за ДПА, Движењето Беса и Коалицијата „Алијанса за Албанците", и во една ситуација за ДУИ.

За активностите на органите на власт е информирано во прилози со траење од 18 минути и 31 секунда (Табела 1). Станува збор за прилози поврзани со: ангажирањето автобуси на Јавното сообраќајно претпријатие за партиски цели – соопштение на ЈСП, штрајк на вработените во Југохром – изјава на министерот за екологија, средба на министрите за надворешни работи на РМ и Австрија, акцијата „Ден на дрвото" – изјава на министерот за здравство.

Вкупното времетраење на прилозите што влегуваат во категоријата други теми поврзани со избори е 2 часа 38 минути и 14 секунди (Табела 1). Во оваа тема, може да се рече, доминираат прилозите во кои се изнесени ставовите на експертите/аналитичарите и на претставниците на граѓанскиот сектор, за прашања поврзани со изборниот процес. Информирано е и за активностите на странски субјекти, кога нивното појавување било поврзано со изборниот процес кај нас, за работата на Државната изборна комисија итн. Движењето Беса се појавува во оваа тема поради прилозите поврзани со: гостувањето на генералниот секретар на Движењето Беса во информативната емисија „Арена" (извадок од емисијата), запалениот билборд на партијата, гостувањето на кандидатки за пратенички од Беса во емисијата „Арена" (извадок од

емисијата), гостување на кандидат за пратеник на оваа партија во емисијата „Економикс“ (извадок од емисијата). Коалицијата „Алијанса за Албанците“ (Унитети, ДПА-ДР, НДП) е дел од оваа тема поради прилозите во коишто се говори за овој политички субјект, а поврзани со: трибината на НВО „Цивил“ на која учествувал и говорел претставник на коалицијата, учеството на генералниот секретар на ДПА-ДР (дел од коалицијата) во информативната емисија „Арена“ (извадок од емисијата), средбата меѓу претставници на Стопанската комора на Северозападна Македонија и на коалицијата, на иницијатива на комората. Демократската унија за интеграции се јавува во категоријата други теми поврзани со изборите поради прилозите за: доделените признанија на лидерите на ДУИ и ДПА од страна на косовскиот претседател за нивниот придонес за независноста на Косово, злоупотребата на простории на јавни институции за партиски цели на ДУИ, критиките од СОНК до ДУИ за посетите на нивните кандидатки за пратенички на училишта и градинки, средбата на европратениците со лидерите на четирите најголеми партии. Коалицијата предводена од СДСМ се јавува во прилозите за: одложеното судење на претседателот на СДСМ за случајот „Поткуп“, средбата меѓу претставници на Стопанската комора на Северозападна Македонија и на коалицијата на иницијатива на комората, состаноците на европратениците-известувачи за Македонија со лидерите на четирите најголеми политички партии. Коалицијата предводена од ВМРО ДПМНЕ е присутна во оваа тема поради информациите за средбите на европратениците-известувачи за Македонија со четворицата лидери на партиите ВМРО ДПМНЕ, СДСМ, ДУИ и ДПА, и поради емитуваниот прилог за интервјуто што носителот на листа во првата изборна единица, Никола Попоски, го дал за Радио Слободна Европа. Прилозите поврзани со доделувањето признанија на лидерите на ДУИ и ДПА од страна на претседателот на Косово за нивниот придонес за независноста на оваа држава и за средбата на претседателот на партијата со европратениците, го чинат појавувањето на ДПА во категоријата други теми поврзани со изборите.

Времето на директните обраќања е збирно од сите прилози коишто припаѓаат на некоја од трите теми прикажани во Табела 1 (активности на органи на власт, други теми поврзани со избори, активности на учесници во изборна кампања и кандидати). (Табела 2).

***<u>Табела 2: Директни обраќања на субјектите</u>***

| ТВ Шења | Траење | Процент | |
|---|---|---|---|
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:04:21 | 4,01 | % |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:09:29 | 8,75 | % |
| ДПА - Демократска партија на Албанците | 00:11:20 | 10,46 | % |
| Експерти/аналитичари | 00:12:47 | 11,79 | % |
| Граѓански сектор | 00:14:14 | 13,13 | % |
| Коалиција ВМРО ДПМНЕ и др. | 00:10:41 | 9,86 | % |
| Коалиција СДСМ и др. | 00:10:53 | 10,04 | % |
| Беса | 00:19:30 | 17,99 | % |
| Коалиција УНИТЕТИ, ДПА-ДР и НДП - Весел Мемеди | 00:09:00 | 8,30 | % |
| Други субјекти | 00:02:59 | 2,75 | % |
| Влада на РМ | 00:03:09 | 2,91 | % |
| **Вкупно:** | **01:48:23** | 100 | % |

Емитувани се три новинарски осврти во Вестите на албански јазик и истите се емитувани и во вечерните вести на македонски јазик. Вкупното нивно времетраење е 23 минути и 55 секунди. Првиот на тема „Употреба на албанскиот јазик – Двојазичноста во Кичево без институционална заштита“ (трае 2 минути и 8 секунди) се

однесува на уништените двојазични табли и патокази во овој град, при што има критички став кон ДУИ и локалната самоуправа во Кичево, но без дополнително негативно врамување и тон. Вториот новинарски осврт е именуван „Во Зајас и Осломеј пораснал бројот на гласачи – Скандал, во Зајас и Осломеј пораснал бројот на гласачите за 11%" (трае 4 минути и 19 секунди) и се однесува на зголемениот број на гласачи во овие населени места по прочистувањето на избирачкиот список. Третиот осврт „ДУИ вети 2 милијарди евра за инвестиции и не ја спроведе платформата" (трае 5 минути и 41 секунда) говори за проектите на ДУИ, коишто биле дел од изборните платформи на претходните изборни циклуси, а некои од нив повторно се присутни и во најновата програма. Присутен е критички став кон ДУИ, но повторно без негативно врамување и негативен тон.

***Посебни информативни емисии***

*Дебати*

Во деветтиот по ред извештаен период, од 21 до 30 ноември, е емитувано само едно дебатно издание, реализирано во рамки на емисијата „Арена', со политички аналитичари. На 24 ноември, гости во студиото на ТВ Шења беа Мерсел Билали, Тодор Пендаров и Шпетим Нуредини. Дискутираа за изборните кампањи на партиите и за нивните политички платформи. Емисијата е три пати репризирана, на 25, 27 и 28 ноември.

*Интервјуа*

Емитувани се пет интервјуа, четири во рамки на емисијата „Арена" и едно во емисијата „Економикс".

Првото интервју е реализирано на 22 ноември, со Арбен Таравери, генерален секретар на ДПА-ДР, којашто е дел од Коалицијата „Алијанса за Албанците". Се разговараше за претстојната изборна кампања и беше презентирана политичката платформа на коалицијата. Разговорот беше три пати репризиран, на 23, 26 и 27 ноември.

Гостин во изданието на „Арена" од 23 ноември беше Африм Гаши, генерален секретар на Движењето Беса. Се разговараше за кампањата и очекувањата од изборите и за изборната понуда на партијата. Интервјуто беше два пати репризирано, на 24 и 27 ноември.

Во емисијата посветена на економски теми „Економикс", од 29 ноември, гостуваше Али Максути, задолжен за економските прашања во Движењето Беса. Главен акцент во разговорот беше ставен на економската понуда со којашто настапува Беса во кампањата за изборите. Емисијата беше репризирана наредниот ден, 30 ноември.

Истиот ден, 29 ноември, по завршувањето на емисијата „Економикс", во рамки на изданието на „Арена" беше реализирано групно интервју со кандидатки за пратенички од Движењето Беса. Во студиото на телевизијата гостуваа Реџије Џеладини, Ермира Хасани Салија и Мевлуде Џуреци. Се дискутираше за нивниот ангажман во политиката, вклученоста и влијанието на жените во политичките процеси, очекувањата од изборите во декември, за кампањата на партијата и нејзината политичка платформа. Наредниот ден, емисијата е репризирана.

Последното интервју, во овој деветти извештаен период, е со кандидатки за пратенички од редовите на Коалицијата „Алијанса за Албанците" – Арта Точи, Рајмонда Мамуди и Бујаре Абази. Темите на разговор беа истите како од претходниот разговор со кандидатките за пратенички од Беса (нивниот ангажман во

политиката, вклученоста и влијанието на жените во политичките процеси, очекувањата од изборите во декември, за кампањата на коалицијата и нејзината политичка платформа).

*Друга информативна програма*

Емитувано е едно премиерно издание на информативната емисија „Неделно ретро“ (Retro javore), на 27 ноември, една реприза на тоа издание, и три репризи на изданието на емисијата од 20 ноември. Емисијата прави пресек на најважните неделни настани, дел посветени и на изборните случувања.

Емитувано е и едно премиерно и едно репризно издание на информативната емисија „Траги“, којашто се занимава со предизборните инциденти и нивното законско санкционирање. Премиерата е емитувана на 25 ноември, а репризата наредниот ден, 26 ноември.

***Сектор за програмски работи***